Република Македонија
Министерство за животна средина
и просторно планирање

[redacted]

Архивски бр. 11-8516/2

Дата 22.11.2012 година

Република Македонија
Министерство за
животна средина
и просторно планирање

Бул."Гоце Делчев" бб
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3251 400
Факс. (02) 3220 165
Е-пошта: infoeko@moepp.gov.mk
Сајт: www. moepp.gov.mk

ДО: СТОПАНСКА КОМОРА НА РМ
Скопје
Наш број: 9580

Почитувани,

Во врска со доставениот допис од ваша страна за разјаснување на присутните дилеми во врска со примената на Законот за управување со пакување и отпад од пакување (" Службен весник на РМ бр. 161/09, 17/11,47/11, 136/11 и 39/12), Министерството за животна средина и просторно планирање го дава следниот одговор:

Согласно член 40 став 1 од законот , производителот кој пушта на пазарот на Република Македонија спакувани стоки од кои при користење се создава отпад од пакување, како и производителот кој како краен корисник увезува во Република Македонија спакувани стоки од кои при користење се создава отпад од пакување, е должен да плати надоместок за управување со отпад од пакување.

Надоместокот се уплатува на соодветна уплатна сметка во рамките на трезорската сметка на секој 15 ден во тековниот месец за сите пресметани надоместоци од претходниот месец.
Согласно член 40-б, обврзникот е должен надоместокот навремено и правилно да го пресметува и уплатува како и да води, одржува и чува уредна и точна евиденција за пресметаниот и уплатен надоместок, согласно Правилникот за за начинот и постапката за водење, одржување и чување на евиденцијата за пресметаниот и уплатенот надоместок како и формата и содржината на образецот за пресметка на уплатениот надоместок (Службен весник на РМ бр. 110/12)).

Врз основа на евиденцијата, обврзникот составува и на секои три месеци доставува до Управата за животна средина пресметка за уплатениот надоместок на посебен образец.
Надоместокот не се плаќа доколку спакуваните стоки се извезуваат или се уништуваат.

Во согласност со член 41 од законот, ослободување од плаќање на надоместокот е дозволено доколку, обврзникот има склучено договор за преземање на обврски за постапување со отпад од пакување со правно лице за постапување со отпад од пакување кое има обезбедено дозвола согласно член 21 од законот, или има обезбедено потврда дека производителот е регистриран како самостоен постапувач односно е мал производител или пушта пакувани стоки на пазар во пакувања со долг век на траење.

Во 2011 година донесен е Законот за изменување и дополнување на Законот за управување со пакување и отпад од пакување ("Службен весник на РМ бр. 17/2011) каде со членот 67-а направена е одложена примена на одредбите од членот 67 од Законот со што дадена е можност до јуни 2011 година производителите да одлучат да не го плаќаат надоместокот, кои се во постапка на здружување преку основање и/или склучување на договор со правно лице за постапување со отпад од пакување или се во постапка на регистрација за евиденција како самостоен постапувач со отпад од пакување.

Врз основа на претходното изнесеното, ве известуваме дека доколку производителите склучиле договор со колективен постапувач кој поседува дозвола согласно со одредбите од членот 21 став (2) или се здружиле во колективен постапувач или пак се регистрирале како самостоен постапувач за преземање на обврските за постапување со отпад од пакување за 2011 година, не се должни да го платат надоместокот од член 40 од Законот.

Оттука произлегува дека обврската за плаќање на надоместокот преминува врз колективниот постапувач за оние правни лица кои склучиле договор или се здружиле со колективен постапувач и истиот ќе биде пресметан или наплатен согласно извештајот што треба да го поднесе колективниот постапувач од член 27 од Законот, а имајќи ја во предвид одредбатата од член 41 став (4) од Законот. Соодветно, за оние правни лица кои се регистрирале како сомостоен постапувач со отпад од пакување, надоместокот од член 40 од Законот ќе биде пресметан или наплатен согласно извештајот што треба да се достави од член 27 од Законот, а имајќи ја во предвид одредбатата од член 41 став (4) од Законот.

Република Македонија
Министерство за
животна средина
и просторно планирање

Бул."Гоце Делчев" 6б
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3251 400
Факс. (02) 3220 165
Е-пошта: infoeko@moepp.gov.mk
Сајт: www. moepp.gov.mk

Република Македонија
Министерство за животна средина
и просторно планирање

[redacted]

Република Македонија
Министерство за
животна средина
и просторно планирање

Бул."Гоце Делчев" 66
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3251 400
Факс. (02) 3220 165
Е-пошта: infoeko@moepp.gov.mk
Сајт: www. moepp.gov.mk

Министерството за животна средина и просторно планирање не може да иземе од плаќање на надоместокот ниту едно правно или физичко лице. Ослободувањето од плаќањето на надоместокот се врши исклучиво согласно член 41 од Законот, а врз основа на доставените извештаи од член 27 од Законот.

Со почит,

Министер,
Abdilaqim Ademi

Изработил: Л.Курчиева
Контролира: Ј.Иванова, А.К. Мазневска
Согласен: Филип Иванов
Одобрил: Соња Лепиткова, Државен секретар

Прилог:
Копија од допис